Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
74/2011
Датум на објавување:
2.6.11

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 72 став (6) од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11 и 53/11), министерот за транспорт и врски, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ПО ПОДНЕСЕНА ЖАЛБА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на известувањето за недонесување на решение по поднесена жалба во рокот утврден согласно член 72 став (4) од Законот за јавните патишта.

## Член 2

Известувањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец „Известување за недонесување на решение по поднесена жалба" кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот е со формат А 4 во бела боја кој содржи: назив на органот до кој се поднесува известувањето, место за број и датум, во средишниот дел назив на известувањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице – подносител на известувањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице – подносител на известувањето, краток опис поради што се поднесува известувањето и место за потпис на подносителот на известувањето.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-7285/1
25 мај 2011 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески** , с.р.

**ДО: ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ**

**СКОПЈЕ**

Број: __________
Датум:__________

**Известување за недонесување на решение**
**по поднесена жалба**

______________________________________________________

**(назив на правно лице /име и презиме на физичко лице- подносител на известувањето)**

______________________________________________________

**(седиште на правно лице/адреса на физичко лице - подносител на известувањето)**

Краток опис поради што се поднесува известувањето:

Молам, Државниот управен инспекторат во рокот утврден во член член 72 став 7 од Законот за јавните патишта, да изврши надзор во Комисијата надлежна за одлучување по жалбата поднесена под број ________ на ден _________ до __________________ против решението број _____________ од __________ на ___________________________ чија копија се доставува во прилог.

Подносител
на известувањето

____________________